РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ
-ГРАДОНАЧАЛНИК-
Бр. 0901-115/2
18.11. 2025 год.

**ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

**ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ**

# ГОДИШЕН ПЛАН ЗА РАБОТА НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ ЗА 2026 ГОДИНА

Дел Бр. 0901-115/2

Датум: 18.11.2025
Место: Свети Николе

Даниела Панева

Раководител на одделение за

инспекциски надзор-Виш инспектор

**Резиме**

Согласно член 33 од Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.102/2019 и од Законот за изменување и дополнување на Законот за инспекциски надзор (Сл.Весник на РСМ бр.272/2024), Раководителот на инспекциската служба донесува годишна план за работа за одделението за инспекциски надзор, најдоцна до крајот на тековната, за наредната година, најдоцна до 1 Декември. Годишниот план се објавува на службената веб страница на општина Свети Николе: **https://svetinikole.gov.mk/** (во **е-услуги**, дел: **одделение за инспекциски надзор**).

Во Годишниот план е предвидена/планирана работата на инспекторите од одделоението за инспекциски надзор за текот на една година, односно активности на одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе кои се планирани да бидат реализирани во текот на 2026 година.

Инспекторите вработени во одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе во текот на 2026 година ќе вршат :

-инспекциски надзори над спроведување и почитување на обврските утврдени со законот за инспекциски надзор, материјалните закони, подзаконските акти и другите прописи како и одлуките на Општина Свети Николе,

-покренување на постапки пред надлежните органи и судови,

-донесување решенија и други акти во вршењето на инспекцискиот надзор,

-покренување и вршење на анализа на одредени состојби во општината

-давање предлози до Градоначалникот, Советот на општина Свети Николе и други органи и

-други активности, поврзани со работата на инспекторите, кои се непредвидени во овој план, а во пракса се покажат како потребни за постапување.

**Анализа на ризици**

Во рамките на секојдневната работа на одделението за инспекциски надзор на општина Свети Николе, постојат одредени ризици. Заради специфичните работи на секој инспектор индивидуално, анализата на ризиците, за секоја област и со посебна проценка е прикажано во продолжение на овој план, во делот "Инспекциски надзор".

**Организација и раководење**

Во систематизацијата на работни места за 2026 година, во Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе систематизирани се шест (6) работни места, од кои моментално (4) се потполнети, а 2 празни места. Во текот на 2025година, во месец Март, еден инспектор (градежен инспектор) замина во пензија, со што позицијата градежен инспектор остана празна , а воедно и позицијата инспектор за патен сообраќај) е празна како работна позиција, но работата од оваа позиција не трпи бидејќи целосно е извршувана од страна на раководителката на одделението за инспекциски надзор која поседува лиценца за инспектор за патен сообраќај..

Организационата поставеност, ситематизираните работни места и бројот на вработените во Одделението, според потребите на граѓаните по барани области за постапување само делумно е соодветна. Со оглед на фактот дека во Март 2025 година остана испразнето местото за градежен инспектор по основ пензионирање, во општината недостасува таков кадар, во однос на честите барања за постапување со нелегални градби, затоа за следната годфина се планира вработување на лице кое ќе работи на позицијата инспектор советник, а воедно, по добивање на согласност за друга позиција самостоен градежен инспектор, општината планира одделенеието за инспекциски надзор да дополни со уште една позиција/инспектор од областа на градежништвото, со што ќе бидат навремено одговорени барањата на граѓаните на општина Свети Николе.

Согласно предвидените работни задачи во систематизацијата и согласно законската регулатива, во рамки на своите можности вработените инспектори во Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе ќе работат координирано и транспарентно.

Досега, сите годишни програми за работа, како и полугодишните и годишни извештаи од работењето на инспекторите од одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе, во законски определен рок, редовно се објавувани јавно на службената веб страна на општината, а исто така и во иднина ќе продолжиме да бидеме транспарентни за јавноста.

**Систематизирани работни места во одделението за инспекциски надзор се следни:**

1. **Раководител на одделение за инспекциски надзор – Виш инспектор**

Раководителот на одделението за инспекциски надзор – Виш инспектор, во рамки на своите надлежности и одговорности согласно ЗИН и член 31 од ЗИН, има за цел да раководи, да ја координира работата на вработените инспектори во одделението на инспекциски надзор, воедно и да ги развива и обединува политиките во рамките на делокругот на одделението за инспекциски надзор.

Раководителот на одделението за инспекциски надзор во општина Свети Николе, во 2026 година, ќе врши:

*-Давање стручна помош и советувања* на вработените инспектори во одделението за инспекциски надзор;

*-Грижа за работната дисциплина* на вработените во одделението, стручно усовршување и обуки за инспекторите;

*-Подготвување и донесување програмски /плански и извештајни документи* вклучително:

- ◆ месечни планови за работа на инспекторите;
- ◆ годишен план за индивидуално стручно усовршување и обука на инспекторите;
- ◆ годишен план (програма) за работа на одделението за инспекциски надзор;
- ◆ полугодишен (шестмесечен) извештај за работа на одделението и
- ◆ годишен извештај за спроведувањето на програмата за работа на одделението;

*-Давање предлози за политики* по начелни прашања од делокруг на одделението;

- *Поведување иницијативи за решавање на одделни прашања или проблеми* во делокруг на одделението и обезбедување услови за ефикасна примена на законите и прописите кои се однесуваат на инспекцискиот надзор.

-*Вршење оценување на учинок на сите инспекори од одделението*, врз основа на податоците кои се однесуваат на резултатите од нивната работа и личните квалитети што ги покажале во текот на работењето, согласно ЗИН.

-*Соработување со други одделенија и инспекциски служби* од други општини, соработка со Инспекциски совет, со ЗЕЛС, со други работни тела, институции, организации, агенции и други заинтересирани страни на локално и национално ниво и ќе биде во постојана комуникација со Инспекцискиот совет во однос на прашања поврзани со инспекциски надзор.

Раководителот-Виш инспектор е лиценциран инспектор за патен сообраќај и во рамки на своите надлежности врши инспекциски надзори од областа на патниот сообраќај. Согласно член 58 од ЗИН, во други работни цели и задачи , во став 3 точка 4 од истиот член (инспекторот со ниво Б4 мин 35 % од месечното работно време врши инспекциски надзори).

Освен во областа на патниот сообраќај, раководителот врши и заеднички инспекциски надзори со останатите инспектори од одделението,најчесто во областа на животна средина и комунални работи. Дополнителни работи кои ги врши раководителот на одделението се: прием на сите странки подносители на сите нови барања за вршење на инспекциски надзори за сите области, приејм на жалби од странки, поднесоцви од институциите,како и комплетирање на предметни барања со доставена документацијата за издавање на лиценци за користење на јавен превоз во општина Свети Николе со цел издавање на дозволи и лиценци за превозниците на јавниот општински превоз и авто такси превозот во општина Свети Николе, како и прием на барања од лица кои планираат да возат авто такси, со цел полагање за сертификати за авто такси возачи..

Работата на општинскиот инспектор за патен сообраќај ја врши раководителот на одделението за инспекциски надзор-виш инспектор, тој е лиценциран инспектор за патен сообраќај и постапува согласно законската регулатива од Законот за инспекциски надзор и Законот за превоз во патниот сообраќај. Раководителот-Виш инспектор и во 2026 година ќе продолжи да врши инспекциски надзори во патниот сообраќај и ќе спроведува и други потребни активности околу вршењето на превозот во јавниот сообраќај/ општински превоз и автотакси превоз на патници согласно законските регулативи.

Раководителот-Виш инспектор, во областа патен сообраќај ќе презема потребни дејствија и активности за правилно функционирање на општинскиот јавен превоз, превозот на учениците од руралните средини до градот и назад, вршејќи надзор на јавните превозници со кои основните и средни училишта имаат склучено договор за вршење на превоз на ученици.

Според работните задачи на Раководителот-Виш инспектор, како и досега така и во иднина, инспекторот ќе продолжи да:

-Врши инспекциски надзори на автотакси превозниците, по потреба ќе води постапка според закон доколку станува збор за неправилности во јавниот превоз и при нелиценцираност на авто такси превозниците и општинските превозници, учесници во јавниот сообраќај за кои има надлежност.

-Врши надзор и врз општинскиот линиски превоз од и до руралните средини, првпат воведен од Октомври 2019 година,а од 2025година со дополнување на превозо на патници од уште едно село од општина Свети Николе, се со цел продолжување на услужување на патниците како корисници во патниот сообраќај.

-Врши надзор и врз општинскиот линиски превоз од и до руралните средини за учениците кои живеат во руралните средини во општина Свети Николе.

-Соработува со ПС Свети Николе во однос на заедничко вршење на инспекциски надзор како и по потреба со барање на помош/асистенција од полиција или обратно, во одредени инспекциски надзори учествува во заеднички акциски контроли над јавниот превоз.

-Соработува и со други општински и државни инспектори за патен сообраќај и други инспектори од други области и други работни задачи во согласност со законските регулативи,.

---

**2.Комунален инспектор**

Комуналниот инспектор при општина Свети Николе, во 2026 година ќе продолжи да врши инспекциски надзори врз основа на утврдените надлежности со Законот за комунални дејности, Законот за јавна чистота, Законот за гробишта и погребални услуги, Законот за доведување на вода за пиење и одведување на урбани отпадни води, Законот за локалната самоуправа, Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоците и други законски и подзаконски акти.

- Во рамките на своите надлежности комуналниот инспектор врши постојан надзор над спроведувањето и придржувањето кон одредбите од горенаведените закони.
- Прима поднесоци (барања, предлози, пријави приговори, молби, жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Составува записник за константирана состојба при инспекцискиот надзор и донесува решение и заклучок;
- Писмено, во законски рок, ја информира странката во постапката (подносителот на барањето за вршење на надзор)
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;
- Води евиденција за извршените надзори на правните и физичките лица;
- Изготвува табела во формат на информативен месечен извештај за работа, полугодишне извештај за својата работа како и годишен извештај за извршениот инспекциски надзори во комуналната дејност и истите ќе ги доставува до раководителот на одделението за инспекциски надзор.

Инспекторот освен што ќе врши инспекциски надзори по месечни планови, по дадени налози, по службена должност, задолжително ќе врши и редовни, вонредни и контролни инспекциски надзори, по поднесените писмени барања од граѓаните, доставени до одделението за инспекциски надзор за прашања кои се однесуваат од комунална дејност.

---

**3.Градежен инспектор**

Градежниот инспектор на 6 Март 2025 година замина во пензија и неговото работно место остана испразнето. Во текот на речиси цела 2025 година. немавме градежен инспектор кој би постапувал во предмети од областа на градежништвото односно со нелегалните градби. Иако имавме склучено меѓуопштинска соработка со општина Кавадарци, набргу се раскина таа соработка и повторно општина Свети Николе остана без градежен инспектор. Во текот на 2026 година се планира да се пополни работното место советник градежен инспектор,а исто така планираме и нова позиција т.е. прераспределба на веќе вработено лице во општината градежен инжинер по професија, на позиција самостоен градежен инспектор, кој би почнал од добивање на согласност, да се отпочне веднаш со менторски процес од една година како кандидат за

инспектор, додека да се стекне со лиценца за градежен инспектор кој ќе може да врши инспекциски надзори, (а за тој временски период, општината ќе склучи нов/и договор/и за меѓуопштинска соработка со друга/и општина/и (на совет се дадени и прифатени предлози за меѓуопштинска соработка со општина Куманово и општина Пробиштип) при што за следната година ќе можеме да вршиме инспекциски надзори и во градежна област.

Работата на градежниот инспектор би била следна:

Вршење инспекциски надзори над законитоста при изработка на проектна документација за изработка на објекти од втора категорија, вршење на увид во издавањето на одобренија и решенија за градење и вршење надзор над градби од втора категорија во Општина Свети Николе, согласно позитивни законски прописи и општи акти на државата.

Во рамки на своите ангажмани градежниот инспектор ќе постапува и врши инспекциски надзори согласно ЗИН и согласно материјалните закони, законот за градење и други законски прописи и правни акти со кои се регулирани прашањата од сферата на областа градежништво.Ќе врши инспекциски надзори на правни и физички лица во однос на постоење на проектната документација, издадени одобренија и решенија за градење, надзор над градби од втора категорија, а усогласено според следните закони: Законот за инспекциски надзор,Закон за заштита на лични податоци, Закон за градење, Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по преставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и други законски прописи.

Градежниот инспектор ќе врши инспекциски надзори на градежни одобренија и решенија, како и на објектитите кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење, објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи и вршат надзор на истите. Инспекторот освен редовни инспекциски надзори, инспекциски надзори според месечните планови, ќе врши контролни инспекциски надзори за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор, воедно ќе врши и вонредни инспекциски надзори по поднесените писмени барања до одделението за инспекциски надзор и по поднесени пријави од правни или физички лица. Градежниот инспектор исто така е должен да постапува согласно законски одредени рокови, согласно законската регулатива , по однос на поднесени пријави и иницијативи од граѓани и други физички и правни лица за сторена повреда на Законот за градење при изведба на објект од втора категорија во Општина Свети Николе. Инспекторот е должен да ги прима сите поднесоци од граѓаните: (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби, изјави, известувања и др.) да ги разгледува и во законски рок да одлучува по истите;воедно треба да :

- Составува записници за констатирана фактичка состојба при вршење на инспекцискиот надзор и донесува решение по предметното барање;

- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;

- Писмено, во законски рок, со известување, задолжително да ја информира странката во постапката (подносителот на барањето за вршење на надзор) во однос на предметното барање

- При надзорот да утврдува дали е добиена потребна дозвола утврдена со закон, да води евиденција за извршените надзори на правните и физичките лица;

- Изготвува табела во формат на информативен месечен извештај за работа, доставува

полугодишни информации за реализирани надзори и постапки како и на крај на годината за потребите за пишување на годишен извештај за извршениот инспекциски надзор кои информации ги доставува до раководителот на одделението за инспекциски надзор

- Води ИП уписник за реализираните инспекциски надзори и постапки и др. работни обврски кои произлегуваат од горенаведените закони , а поврзани со областа градсежништво.
- Во опис на раработни задачи самостојниот инспектор, откако ќе се стекне со лиценца за инспектор ќе:

- Врши инспекциски надзори од областа на градежните работи по месечни планови и поднесоци,
- Прима писмени поднесоци од обвласта на градежништво(барања, предлози, пријави, приговори, молби жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Врши инспекциски надзор при изградба на градби на самото место и увид во издадената документација за градби од локално значење;
- Составува записник за константирана состојба при инспекцискиот надзор и донесува решение и заклучок;
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка;
- Води евиденција во ИП1 уписник за извршените инспекциски надзори на правните и физичките лица;
- Изготвува месечни и годишен извештај за извршените инспекциски надзори и истиот го доставува до раководителот
- Издава записници за констатирање на фактичката состојба и донесува решенија со мерки врз основ на утврдена неправилност;
- Ја води постапката за рушење на безправно изградени објекти.

**Инспектор/ки за животна средина**

Во општина Свети Николе, во одделението за инспекциски надзор се вработени две лица инспекторки за животна средина, на позиции: советник и самостоен инспектор. Инспекторките вршат инспекциски надзори согласно ЗИН, Законот за заштита на животна средина како и другите соодветни закони: Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по претставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и други подзаконски акти донесени врз основа на законите од областа на животната средина.

Инспекторките, според потребата на фактичката состојба во 2026 година ќе продолжат да вршат вонредни, редовни и контролни инспекциски надзори во општина Свети Николе и во други општини со кои нашата општина има склучено меѓуопштинска соработака, со цел да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор.

Воедно, инспекторките освен што ќе вршат инспекциски надзори по месечни планови, по дадени налози, по службена должност, задолжително ќе вршат и вонредни инспекциски надзори по поднесените писмени барања од граѓаните, а доставени до одделението за инспекциски надзор, како и по барања и поднесени пријави од правни или физички лица.

4. **Инспекторката за животна средина, со звање советник**, во 2026 година ќе продолжи да врши и инспекциски надзори по основ на месечни планови, по службрена должност и по поднесени писмени барања од странки, а доставени до одделението за инспекциски надзор за областа на животната средина, како и по поднесени пријави од правни или физички лица за барања поврзани со животната средина. Во рамките на своите надлежности инспекторот за животна средина ќе:

- Врши инспекциски надзори над одредени состојби согласно Законот за животна средина;
- Врши надзорни посети на примената на мерките за заштита од штетни бучави;
- Врши надзор над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Прима поднесоци (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Составува записник за константирана состојба при инспекцискиот надзор и донесува решение;
- Писмено, во законски рок, ја информира странката во постапката (подносителот на барањето за вршење на надзор)
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Води евиденција во ИП1 уписник за извршените надзори на правните и физичките лица;
- Изготвува табела во формат на информативен месечен извештај за работа за извршените инспекциски надзори и истиот на крајот од секој месец го доставува до раководителот на одделението за инспекциски надзор заради увид во тековната состојба со реалзиираните надзори во законски рокови. Воедно, навремено ќе доставува и извештај за реализирани инспекциски надзори во текот на првите 6 месеци од годината како и на крај од годината или по барање на раководителот на одделението односно по потреба на општината и раководните лица.

**5. Самостоен инспектор/ка за животна средина**

Самостојниот инспектор/ка за животна средина при Општина Свети Николе, како втора инспекторка вработена од областа на животна средина, во 2026година ќе постапува самостојно во вршење на инспекциски надзори врз основа на ЗИН, Законот за заштита на животна средина како и другите соодветни закони: Закон за општа управна постапка, Закон за прекршоци, Закон за постапување по претставки и предлози, Закон за локална самоуправа, Закон за административни службеници, Закон за меѓуопштинска соработка и други закони и подзаконски акти донесени врз основа на законите од областа на животната средина.

Самостојниот инспектор/ка на инспекциски надзор ќе оди сама во инспекциски надзор, но понекогаш, а посебно во руралните средини ќе оди заедно со раководителот на одделението за инспекциски надзор, друг инспектор или полициски службеник доколку се процени потреба од асистенција на полициски службеници, при вршење на инспекциски надзор инспекторот ќе оди со придружба на полициска асистенција.

Самостојниот инспектор за животна средина освен вонредни и редовни инспекциски надзори, надзори предвидени според месечните планови, ќе врши и контролни инспекциски надзори во законски одредени рокови со цел да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор.

Самостојниот инспектор/ка ќе продолжи и 2026 година да врши и инспекциски надзори по основ на поднесени писмени барања од странки , а доставени до одделението за инспекциски надзор за областа на животната средина, како и по поднесени пријави од правни или физички лица за барања поврзани со животната средина. Во рамките на своите надлежности инспекторот за животна средина ќе:

- Врши инспекциски надзор над одредени состојби согласно Законот за животна средина;
- Врши надзор на примената на мерките за заштита од штетни бучави;
- Врши надзор над примената на мерките за заштита од непријатни миризби во просторијата и околината каде што престојува и се движи човекот;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Прима поднесоци (барања, предлози, пријави, приговори, молби, жалби и др.) ги разгледува и одлучува по истите;
- Составува записник за константирана состојба и донесува решение;
- Писмено, во законски рок, ја информира странката во постапката (подносителот на барањето за вршење на надзор)за постапката и текот на надзорот,
- Поднесува барање за поведување прекршочна постапка, поднесува кривична пријава за сторено кривично дело согласно закон;
- При надзорот има право да утврди дали е добиена потребна еколошка дозвола утврдена со закон, да утврди дали е добиена дозвола за усогласување со оперативен план кога се работи со инсталација за која се издава потребна еколошка дозвола утврдена со закон;
- Води евиденција за извршените надзори на правните и физичките лица;
- Изготвува табела во формат на информативен месечен извештај за работа за извршените инспекциски надзори и истиот на крајот од секој месец го доставува до раководителот на одделението за инспекциски надзор заради увид во тековната состојба со реалзираните надзори во законски рокови.
- Навремено ќе доставува и извештај за реализирани инспекциски надзори во текот на годината како и на крај од годината или по барање на раководителот на одделението односно по потреба на опѓштината и раководителот,раководните лица на општина Свети Николе.

Табела 1.1 Преглед на бројот на инспектори кои ќе вршат инспекциски надзор по вид, звање и возраст

| Вид | Комунален инспектор | | | | | | Инспектор за патен сообраќај (раководител на одд.за инсп.надзор) | | | | | | Инспектор за животна средина | | | | | | Градежен Инспектор (врз основа на меѓуопштинска соработка со општина Пробиштип и Куманово) | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возр аст** | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | **Вкупно** | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | **Вкупно** | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | **Вкупно** | <30 г. | 31-40 г. | 41-50 г. | 51-60 г. | >60 г. | **Вкупно** |
| Б1-генерален инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б2-главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б3 – пом.главен инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| Б4-виш инспектор | | | | | | | | | | 1 | | **1** | | | | | | | | | | | | |
| В1-советник Инспектор | | | | | 1 | **1** | | | | | | | | | | 1 | | **1** | | | | | | |
| В2-самостоен | | | | | | | | | | | | | | | 1 | | | **1** | | 1 | 1 | | | |
| В3-помошник инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| В4-помлад инспектор | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |
| **Вкупно** | | | | | **1** | **1** | | | | | | **1** | | | | | | **2** | | **1** | **1** | | | |

**Табела 2 План за нови вработувања и пензионирања на инспектори**

**Општина Свети Николе во планот за 2026 година има предвидено ново вработување за кандидат градежен инспектор во одделението за инспекциски надзор**

| **Вид** | **Комунален инспектор** | | | **Инспектор за животна средина** | | | **Инспектор за патен сообраќај** | | | **Кандидат Градежен Инспектор (вработување)** | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ниво-Звање/Возраст** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлик** | **Враб.** | **Пенз.** | **Разлика** |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 1 |
| В2-самостоен инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |
| **Вкупно** | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1 | 0 | 1 |

| **Вид** | Кандидат градежен инспектор | | |
|---|---|---|---|
| **Ниво/Звање** | **Ново Вработување** | **Пензионирање** | **Разлика** |
| Б1-генерален инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б2-главен инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б3-пом.глав.инспектор | 0 | 0 | 0 |
| Б4-виш инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В1-советник инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В2-самостоен инспектор | 1 | 0 | 1 |
| В3-помошник инспектор | 0 | 0 | 0 |
| В4-помлад инспектор | 0 | 0 | 0 |
| **Вкупно** | **1** | 0 | **1** |

1. **КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА**

**1.1 КОМУНАЛЕН ИНСПЕКТОР:**

Програмата за работата на комуналниот инспектор за 2026 година ја опфаќа надлежноста на комуналната инспекција утврдена со материјалните закони и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Закон за комуналии
- Законот за Локална Самоуправа
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоците - Закон за комунални дејности
- Закон за јавната чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти
- Закон за гробишта и погребални услуги
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило
- Одлука за комунален ред на општина Свети Николе, како и други законски и подзаконски акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, ако бидат донесени во текот на 2025 година, а се во надлежност на комуналниот инспектор.

Планот/програмата опфаќа задачи и активности кои ќе ги извршува еден комунален инспектор во текот на 2026 година кој е систематизиран по областа во која работи за имплементација на материјалниот закон и Законот за инспекциски надзор, Законот за општата управна постапка, Законот за прекршоци и други закони и подзаконски акти опфатени со областа која ја работи.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор согласно со Законот за инспекциски надзор се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Инспекциските надзори ќе се вршат над работењето на Јавното комунално претпријатие ЈКП Комуналец Свети Николе, како и погребалното претпријатие, над операторите кои имаат склучено договор со погребално претпријатие од Свети Николе. Исто така инсепкциски надзори ќе врши и во однос на:

- одржување на јавната чистота на јавните и сообраќајни површини

- редовна контрола на диви депонии и контроли заради палење на комунален отпад;
- контрола и учество во есенско и пролетно чистење на урбаниот дел од градот;
- контрола околу расчистување на снег пред деловни објекти, пред индивидуални и колективни станбени згради;
- редовна контрола на угостителските објекти во однос на користење на
- јавна површина пред деловните простори;
- контрола на одржување и поставување на комуналните уреди и опрема;
- контрола на одржување на зеленилото на магистралните и собирни улици;
- контрола за одржување и користење на градските паркови, парк-шумите на
- подрачјето на спортско-рекреативни зони утврдени со ГУП;
- Како и инспекциски контроли за:
- одржување на чистотата на јавните паркиралишта
- снабдување со вода за пиење
- одведување и испуштање на атмосферските води;
- контрола на одржувањето и чистење на сливниците за атмосферски води;
- одведување и пречистување на урбаните отпадни води;
- одржување на чистотата на гробиштата и на придружните објекти;
- контрола над работата на управителот на гробиштата, операторот на погребалните услуги и каменорезачите;
- одржување и користење на речните корита во урбаниот дел;
- одржување на чистотата на пазарот;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како корисници на комуналните услуги;
- инспекциски надзор на физичките и правните лица како даватели на комуналните услуги;
- вршење инспекциски надзор по добиени писмени и усни претставки од физички и правни лица;
- водење на управни постапки;
- прием на странки.

**2. Обуки:**

Комуналниот инспектор ќе земе учество на едукативни работилници, семинари, предавања и едукации организирани од инспекцискиот совет, од локалната самоуправа, од граѓански здруженија поврзани со својата работа заради имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти, односно следните специјализирани обуки:

- Законот за општата управна постапка,
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за прекршоците
- Закон за комунални дејности
- Закон за јавната чистота
- Закон за снабдување со вода за пиење и одведување на урбани отпадни води
- Закон за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

- Закон за гробишта и погребални услуги
- Закон за управување со пакување и отпадот од пакување
- Законот за урбано зеленило и други закони кои се поврзани со областа на комуналии.

Комуналниот инспектор ќе земе учество на следниве генерички обуки:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати

**3. Проектни активности:**

Комуналниот инспектор во 2026 година, ќе учествува во реализација на разни информативни активности чија цел е подобрување на чистотата во градот, учество на настани за подигнување на свеста на граѓаните и лобирање за навремено и квалитетно извршување на услугите кои ги даваат јавните претпријатија. Соработка со граѓански организации и институции во кампањи за подигнување на свеста на граѓаните за чиста околина без комунален отпад, соработка со инспекторите за животна средина

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Комуналниот инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2026 година, како и во однос на наредните активности ќе се придржува кон :

- Месечни оперативни планови за работа за 2026 година;
Рок: континуирано, 2026 година

- Поднесување на месечни извештаи за работата за 2026 година;
Рок: континуирано, 2026 година

- Поднесување на шестмесечни извештаи до раководителот на одделението, за работата на комуналната инспекција за 2026година;
Рок: јули, 2026 година и крај на месец Декември 2026 година

- Поднесување на информации за спроведени надзори во текот на една година, за изработка на Годишен извештај за работата за 2026 година;
Рок: крај на месец Декември 2026 година

**5. Соработка на Одделението за комунална инспекција:**

Комуналниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со сите инспектори од Одделението, другите служби во Општината, другите органи на државно и локално ниво, јавните претпријатија и пред сѐ со граѓаните на општина Свети Николе. Воедно комуналниот инспектор редовно ќе го информира раководителот на одделението за сите преземени дејствија, за реализирани инспекциски надзори или настанати пречки при работата.

Рок: Континуирано во текот на 2026 година

**6. Нормативна дејност:**

Комуналниот инспектор доколку има потреба, ќе земе учество со активности и иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Свети Николе.

**7. Оперативна реонизација**

Комуналниот инспектор ќе врши Инспекциските надзори во реонот на општина Свети Николе, т.е. во градот и селата, со цел следење на состојбата од областа на комуналиите во општината.

Доколку се јави потреба од инспекциски надзори во други општини , инспекторот со предходно донесена одлука на Совет и со договор за меѓуопштинска соработка може да постапува и во друга општина со дадено соодветно овластување од општината која има потреба од таков кадар.

**8. Образложение:**

Со изготвување на овој План за работа на комуналниот инспектор се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на комуналните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во општина Свети Николе.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2026 година, по регион и општина - комунална инспекција**

| Ред.бр, | Регион/ Општина | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Свети Николе | 3 | 30 | 7 | 40 | 7 |




Проценката на ризици во Одделението за комунална инспекција предвидува ниски до средни штетни последици со ниска зачестеност за повторување, односно, умерен ризик.

## 2 ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

### 2.1. ГРАДЕЖЕН ИНСПЕКТОР:

Програмата за работата на градежниот инспектор за 2026 година ги опфаќа надлежностите на градежната инспекција утврдени со ЗИН, материјалните законски и подзаконските акти и тоа:

- Законот за инспекциски надзор
- Закон за градење
- Законот за Локална Самоуправа
- Законот за општата управна постапка
- Законот за прекршоците
- Закон за просторно урбанистичко планирање
- Закон за административни службеници
- Закон за меѓуопштинска соработка
- Закон за постапување по преставки и предлози
- Други закони, Одлуки на општина Свети Николе, како и други правни акти, како и измени и дополнувања на наведените законски и подзаконски акти, доколку има новодонесени во текот на 2026 година, а се во надлежност на градежниот инспектор.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекцискиот надзор во областа на градежна инспекција, а согласно Законот за инспекциски надзор, треба се спроведува како:

- редовен,
- контролен и
- вонреден инспекциски надзор.

Градежен инспектор треба да врши инспекциски надзори на:

- градежни одобренија и решенија, како и на објектите кои се градат со Одобрение за градење или со Решение за градење,

-објекти кои се градат без Одобрение за градење или без Решение за градење издадено од Одделението за урбанизам, градежништво и заштита на животната средина, како и

-на правните субјекти кои ги изведуваат градежните работи и вршат надзор на истите.

Инспекторот треба да врши и контролни инспекциски надзори за да се утврди дали е постапено по решенијата со кои е наредено отстранување на недостатоците утврдени при редовниот или вонредниот инспекциски надзор, надзорот по поднесените пријави од правни, физички и други лица.

**2. Обуки:**

Градежниот инспектор треба да земе учество на генерички и специјализирани обуки, едукативни работилници, семинари, предавања, јавни трибини, јавни настани и он лајн обуки, едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони и подзаконски акти.

Градежен инспектор треба да земе учество на следниве генерички обуки:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати

Градежниот инспектор треба да учествува и на специјализирани обуки поврзани со материјата која ја работи (градежништво)

- **Закон за градење и Закон за инспекциски надзор**

  Тема 1.1 – Начела и организација

  Тема 1.2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите

  Тема 1.3 – Статус и вработување инспектор

  Тема 1.4 – Планирање на инспекциски надзор

  Тема 1.5 – Спроведување на инспекциски надзор

  Тема 1.6– Затворање и документирање на инспекциски надзор

  Тема 1.7 – Учинок на инспектор

  Тема 1.8– Прекршочни одредби

– **Закон за просторно урбанистичко планирање**

  Тема 2.1 – Начела и организација

  Тема 2.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

  Тема 2.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за општа управна постапка**

  Тема 3.1 – Начела и организација

  Тема 3.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

– **Закон за прекршоци**

  Тема 4.1 – Начела и организација

  Тема 4.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

  Тема 4.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за постапување по преставки и предлози**

  Тема 5.1 – Начела и организација

  Тема 5.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

  Тема 5.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за локална самоуправа**

  Тема 6.1 – Начела и организација

  Тема 6.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

  Тема 6.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за административни службеници**

Тема 7.1 – Начела и организација

Тема 7.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 7.3 – Прекршочни одредби

**– Закон за меѓуопштинска соработка**

Тема 8.1 – Начела и организација

Тема 8.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 8.3 – Прекршочни одредби

**3. Проектни активности:**

Градежниот инспектор во 2026 година, ќе учествува во реализација на разни активности чија цел е усовршување на градежните работи.

**4. Аналитичко- информативна дејност:**

Градежниот инспектор врз основа на извршениот инспекциски надзор во 2026 година, како и во однос на наредните активности ќе се придржува кон :

- Месечни оперативни планови за работа за 2026 година;
Рок: континуирано, 2026 година

- Поднесување на месечни извештаи за работата за 2026 година;
Рок: континуирано, 2026 година

- Поднесување на шестмесечни извештаи до раководителот на одделението, за работата на комуналната инспекција за 2026година;
Рок: јули, 2026 година и крај на месец Декември 2026 година

- Поднесување на информации за спроведени надзори во текот на една година, за изработка на Годишен извештај за работата за 2025 година;
Рок: крај на месец Декември 2026 година

**5. Соработка на Одделението за градежна инспекција:**

Градежниот инспектор во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со сите инспектори од Одделението за инспекциски надзор, ќе одговара пред раководителот на одделението согласно своите работни одговорности и навремено ќе информира за предметните барања и постапки, ќе соработува и комуницира со раководителот и другите служби во Општината како и со другите органи на национално и локално ниво, со јавните претпријатија и пред сѐ со граѓаните на општина Свети Николе.

За секоја пречка во работењето, навремено ќе го исвестува раководителот на одделението за инспекциски надзор со цел навремено реагирање на пречките и тековно решавање на споровите.

Рок: Континуирано во текот на 2026 година

**6. Нормативна дејност:**

Градежниот инспектор доколоку има потреба, ќе земе учество со активности и иницијативи за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот на граѓаните на општина Свети Николе.

**7. Оперативна реонизација**

Инспекциските надзори градежниот инспектор ќе врши на реонот на општина Свети Николе,т.е. во градот и селата, со цел следење на состојбата во општината.

**8. Образложение:**

Со изготвување на овој Планот за работа на градежниот инспектор се предвидува превземање на мерки и активности за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на градежните дејности и подобрување на условите за живот на граѓаните во општина Свети Николе.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности во вршење на инспекциски надзори во 2026 година, на градежниот инспектор**

| Ред. бр р, | Регион / Општи на | Вид на надзорот | | | Вкупно надзори | Вкупно неправилности |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен надзор | Вонреден надзор | Контролен надзор | | |
| 1. | Свети Николе | 1 | 20 | 19 | 40 | 19 |

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ВЕРОЈАТНОСТ ЗА СЛУЧУВАЊЕ НА ШТЕТНИ ПШОСЛЕДИЦИ | 3-ВИСОКА | | × | |
| | 2-СРЕДНА | | × | |
| | 1-НИСКА | | | × |
| | | 1-НИСКА | 2-СРЕДНА | 3-ВИСОКА |

Проценката на ризици во градежната инспекција предвидува средно –високи штетни последици со ниска зачестеност за повторување, односно, умерен ризик.

## 4. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

При утврдување на содржината на Програмата/планот за работа на општинските инспекторки за животна средина (советник и самостојниот инспектор за животна средина), како и до сега така и за наредната 2026 година се зема во предвид надлежноста на инспекторите за животна средина утврдени со материјалните закони и законот за инспекциски надзор како и следните закони:

- Закон за инспекциски надзор;
-= Закон за инспекциски надзор во животна средина
- Закон за животна средина;
- Закон за општа и управна постапка;
- Законот за постапување по претставки и предлози;
- Законот за прекршоците;
- Законот за локална самоуправа;
- Закон за управување со отпад;
- Закон за управување со пакување и отпад од пакување;
- Закон за амбиентален воздух;
- Закон за заштита од бучавата во животната средина;
- Закон за води;
- Закон за заштита на природата и
- Други законски и подзаконски акти во надлежност на инспекцијата за животна средина.

Во Програмата/планот, задачите и активностите што ќе ги извршуваат дветте инспекторки за животна средина, во делот на аналитичко - информативна дејност, ќе соработуваат со другите одделенија и сектори како и со другите органи на државно и локално ниво, ќе учествуваат на обуки и работни состаноци, обуки за имплементација на материјалните закони и други обуки поврзани со нивната работа.

### 1. Човечки ресурси и надлежности

Во одделението за инспекциски надзор имаме две лица (две инспекторки) со добиена лиценца за вршење инспекциски надзори во областа на животна средина. Инспоекторките заедно или самостојно ќе ја покриваат областа и ќе се придржуваат кон планските активности на годишната програма за 2026 година.

### 2. Инспекциски надзор

Инспекциските надзори ќе се вршат континуирано во цела 2026 година и уредно ќе се постапува по секоја добиена писмена пријава од страна на физички лица, државни органи, организации, локални институции, правни и физички лица, како сознанија од трети лица или по добиени информации од медиуми, односно по службена должност.

Инспекторките за животна средина ќе вршат вонредни инспекциски надзор, над правни и физички лица, во секое време и на лице место, со или без претходна најава, во деловните простории на субјектите на надзор, инсталациите, објектите, како и надзор на средства и опрема за вршење на дејноста и активноста на правните субјекти.

Инспекциските надзори ќе ги вршат преку:

- редовен инспекциски надзор
- вонреден инспекциски надзор
- контролен инспекциски надзор

Посебно внимание се дава на следните аспекти при вршење на надзорите:

- контрола на документација;
- контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- увид во простории како и на приватниот имот околу објектот кој е предмет на контрола;
- утврдување дали правниот субјект според активностите и видот на производство подлежи на издавање на Б- интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на капацитетот на правниот субјект и производството по просечна вредност на квартална основа;
- утврдување дали правниот субјект според капацитетот утврден со Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошката дозвола, подлежи на А или на Б интегрирана еколошка дозвола;
- утврдување на податоци и опис на операторот и инсталацијата, како и податоци за суровините, материјалите и енергиите произведени или употребени во инсталацијата;
- утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации како и податоци за цврст и течен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување на податоци за точки на мониторинг и земање на примероци во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- утврдување дали правниот субјект согласно дејноста која ја врши подлежи на изработување на Елаборат за заштита на животната средина согласно уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува Елаборат а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината.

Инспекторките ќе одат на терен со цел вршење инспекциски надзори врз основа на поднесена иницијатива / барање од граѓани, по пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава, или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн.

Инспекторките за животна средина можат да побараат увид во документација но исто така по потреба со предходна консултација со раководниот орган да се утврди од акредитирана лабораторија вршење на испитување на нивото на бучава како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата итн., за инсталациите од надлежност на инспекторите за областа од животна средина ќе бараат, да се изврши мерење со достава на технички извештај за извршеното мерење до инспекторите за животна средина, заради превземање на понатамошни со Законот предвидени мерки.

Рок: контуинирано, 2026 година

**3.Обуки**

Советник инспекторот за животна средина и самостојниот инспектор, активно ќе се вклучат во зајакнување на своите капацитети и ќе учествуваат на едукативни обуки, семинари, предавања и едукации во врска со имлементација на одредбите од материјалните закони како и Законот за управна постапка, Законот за прекршоци и Законот за инспекциски надзор.

Во текот на 2026 година се планира учество на следниве генерички

1. Решавање на проблеми;
2. Учење и развој;
3. Управување со учинок и ефект
4. Комуникациски вештини;

и специјализирани обуки: Закон за инспекциски надзор;

**- Закон за животна средина и Закон за инспекциски надзор**

Тема 1.1 – Начела и организација

Тема 1.2 –Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 1.3 – Статус и вработување инспектор

Тема 1.4 – Планирање на инспекциски надзор

Тема 1.5 – Спроведување на инспекциски надзор

Тема 1.6– Затворање и документирање на инспекциски надзор

Тема 1.7 – Учинок на инспектор

Тема 1.8– Прекршочни одредби

**– Закон за просторно урбанистичко планирање**

Тема 2.1 – Начела и организација

Тема 2.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 2.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за општа управна постапка**

Тема 3.1 – Начела и организација

Тема 3.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

– **Закон за прекршоци**

Тема 4.1 – Начела и организација

Тема 4.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 4.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за постапување по преставки и предлози**

Тема 5.1 – Начела и организација

Тема 5.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 5.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за локална самоуправа**

Тема 6.1 – Начела и организација

Тема 6.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 6.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за административни службеници**

Тема 7.1 – Начела и организација

Тема 7.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 7.3 – Прекршочни одредби

– **Закон за меѓуопштинска соработка**

Тема 8.1 – Начела и организација

Тема 8.2 – Права, обврски и овластувања на инспекторите

Тема 8.3 – Прекршочни одредби

**4. Проектни активности:**

Инспекторките за животна средина, во 2026 година ќе учествуваат во реализација на активности чија цел ќе биде унапредување на животната средина во општина Свети Николе.

**5. Аналитичко- информативна дејност:**

Општинските инспектори за животна средина ќе се придржуваат кон планот и ќе известуваат преку:

- Поднесување на месечни извештаи за работата за 2026 година;
Рок: континуирано, 2026 година

- Поднесување на шестмесечни извештаи до раководителот на одделението, за работата за 2026 година;
Рок: јули, 2026 година и крај на месец декември 2026 година

- Поднесување на информации за спроведени надзори во текот на една година, за изработка на Годишен извештај за работата
Рок: крај на месец декември 2026 година

Инспекторките ќе се водат по годишната програма за работа и Месечни оперативни планови за работа за 2026 година;
Рок: контуинирано, 2026 година

**6. Соработка на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности**

Инспекторите во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработуваат со раководителот на одделението, со другите инспектори од одделението за инспекциски надзор, со другите одделенија и сектори во општината, тела и органи на државно и локално ниво, јавните препријатија, граѓански организации и пред сѐ со граѓаните на општина Свети Николе.

**7. Нормативна дејност**

Инспекторите за животна средина по потреба ќе учествуваат и во активности за измена и дополнување на постојната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сѐ со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на животот.

Овие активности се неминовно потребни за да се дојде до поефикасни законски решенија, со што би се зголемиле надлежностите на инспекторите за животна средина, бидејќи сегашните законски и подзаконски акти цениме дека имаат одредени недоречености и не се целосно опфатени.

Основното подрачје на вршење на инспекциски надзор на инспекторите за животна средина е целокупната територија на општина Свети Николе утврдена согласно Генералниот урбанистички план.

За извршените инспекциски надзори изготвуваат месечен извештај и го доставува до Раководителот на одделението.

**8. Оперативна реонизација на територијата на општина Свети Николе:**

Инспекциските надзори, инспекторите за животна средина ќе го вршат на реонот на општина Свети Николе, т.е. во градот и селата, со цел следење на состојбата од загадување на животната средина во општината.

Доколку се јави потреба од инспекциски надзори во други општини , инспекторите со предходно донесена одлука на Совет и со склучен договор за меѓуопштинска соработка може да постапуваат и во друга општина .

**9. Образложение:**

Со изготвување на оваа Програма за работа на Одделението за инспекциски надзор над вршење на работите од другите надлежности се предвидува превземање на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на животната средина и подобрување на условите за живот на граѓаните во градот.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори од страна на инспекторот и самостојниот инспектор во 2026 година, по регион и општина за инспекција за животна средина**

| Ред.бр, | Регион/ Општин | Вид на надзорот | | | Вкупно надзор | Вкупно неправилнос |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Редовен | Вонреден | Контролен | | |
| 1 | Свети Николе | 10 | 40 | 10 | 60 | 10 |
| 2 | Др општина | 3 | 5 | 2 | 10 | 2 |
| 3 | Др општина | 3 | 5 | 2 | 10 | 2 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**




При вршењето на инспекциски надзор над примената на законите, другите прописи и општи акти од областа на заштитата на животната средина на територијата на општина Свети Николе и други општини кои имаат и8ли ќе склучат меѓуопштинска соработка со нашата општина за вршење инспекциски надзори од областа на животна средина како што беа тековната година општина Лозово и општина Градско, се очекуваат ниски до средни штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно, умерен до значителен ризик, особено во контролата на инсталациите на Б интегрираните еколошки дозволи и емисии во воздух, вода и почва.

## 5. ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ

Согласно Годишната програма/план за 2026 година, во предвид се земени работни обврски за инспектор за патен сообраќај, а усогласени со работните задачи на раководителот на одделението за инспекциски надзор.

Бидејќи во одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе нема вработено лице инспектор за патен сообраќај, а согласно ЗИН секој месец, минимум 35% од своето работно време ,раководителот како работна задача и друга работна цел, ќе ја врши и работата и за инспектор за патен сообраќај.

Во општина свети Николе има систематизирано работно место за инспектор за патен сообраќај, но непотполнето, затоа раководителот на одделението за инспекциски надзор и инспектор за патен сообраќај во општина Свети Николе е едно исто лице.

Врз основа на фактот што раководителот поседува лиценца за инспектор за патен сообраќај, а согласно член 58 став 3 точка 4 од ЗИН, 35% од месечното работно време се вклучени во работни задачи на раководителот со вршење на инспекциски надзори раководителот ќе продолжи да постапува во областа на патниот сообраќај.

Во програмата за 2026 година се предвидува инспекторот да постапува согласно:

- Законот за превоз во патниот сообраќај
- Законот за инспекциски надзор
- Законот за прекршоци
- Законот за локалана самоуправа
- Законот за општа управна постапка
- Одлуки за авто-такси превоз на патници на подрачјето на општина Свети Николе
- Одлуки за јавниот општински линиски превоз на патници од руралните средини
- Одлуки за јавниот посебен линиски превоз на учениците
- Други законски и подзаконски акти, како и измени и дополненија на наведените, кои ќе се донесат во 2026 година а се во надлежност на инспекцијата за патен сообраќај.

Исто така инспекторот за патен сообраќај, освен што ќе врши инспекциски надзори ќе учествува по потреба и во:

- Аналитичко – информативна дејност;
- Ќе соработува со полицијата, со други одделенија и сектори во општината и други органи, организации, институции на државно и локално ниво;
- Ќе посетува обуки и работни состаноци поврзани со безбедноста на сообраќајот; обуки за имплементација на материјалните закони , Законот за општа управна постапка , Законот за инспекциски надзор и други закони поврзани со областа во која работи.

**1.Инспекциски надзор:**

Инспекторката ќе врши инспекциски надзори и тоа:

- редовни,
- контролни и
- вонредни инспекциски надзори.

Инспекторот за патен сообраќај во 2026 година ќе работи согласно ЗИН како и законската регулатива која се однесува на надлежностите кои произлегуваат од Законот за превоз во патниот сообраќај и Одлуките кои што произлегуваат од овој Закон, Законот за локалната самоуправа, Законот за општа управна постапка, Закон за прекршоци и други поврзани закони.

Во таа смисла со инспекциски надзор ќе бидат опфатени сите области од делокругот на работа, а со цел доследно спроведување на прописите од страна на субјектите над кои се извршува надзорната функција.

Во 2026 година континуирано ќе се врши надзор на општинискиот линиски превоз како јавен превоз за патници по руралните средини во општина Свети Николе, јавниот превоз за учениците од руралните средини до училиштата и враќање на учениците назад во руралните средини и авто такси превозот во општина Свети Николе.

Доколку има потреба , а согласно одлуките за меѓуопштинска соработка со општина Лозово и општина Градско, раководителот на одделението/инспекторка за патен сообраќај може преку склучен договор за потребите на другите две погоре наведени општини да врши инспекциски надзори во својата област и надлежност.

Инспекциските надзори ќе се вршат преку редовни контроли за поседување на соодветна документација (лиценца) за вршење на авто такси превоз и јавен превоз, општински линиски превоз, ќе се врши едукацвија на превозниците , а по потрерба и санкционирање на сите оние кои вршат ваков вид на превоз на патници без лиценци.

Преку опомени како превентивни мерки, како и со инспекциски мерки времено одземање на сообраќајните дозволи на сопствениците на возилата кои вршат авто такси превоз и општински јавен превоз на патници спротивно на законската регулатива ќе се реализираат програмските активности .

За констатираните неправилности и прекршоци, инспекторот ќе изготвува записници, ќе донесуваат решенија, ќе поднесуваат барања за поведување прекршочна постапка, ќе донесуваат решенија за времено одземање на сообраќајните дозволи на возилата кои вршат превоз на патници без лиценци, како и одземање на таблите со обележје на такси нелиценцираните возила. Инспекторот ќе издава потврда за одземените предмети/документи на лицата кои вршат јавен превоз несоодветно, согласно законската регулатива и ќе ги доставува сообраќајните документи до Секторот за Сообраќај при Полициска Станица Свети Николе.

Инспекцијата за патен сообраќај како и досега и во наредната 2026 година ќе продолжи со соработката која ја има со Министерството за внатрешни работи во делот на пружање на асистенција заради квалитетното извршување на своите работни обврски, а исто така континуирано, или по повик ќе учествува и во заедничките акции на ПС Свети Николе.

**2.Обуки:**

Инспекторот за патен сообраќај ќе земе учество на генерички обуки на тема:

1. Решавање на проблеми
2. Учење и развој
3. Комуникациски вештини
4. Постигнување резултати ,

И специјализирани обуки:

1.Обука за Законот за превоз во патниот сообраќај
2.Обука за Законот за инспекциски надзор
3.Обука за Законот за прекршоците
4. Обука за безбедност на патишта во сообраќајот

**3. Аналитичко - информативна дејност**

Инспекторот за патен сообраќај ќе води евиденција за вршителите на јавниот превоз и податоците од истите сумирано ќе ги внесува во:

- Годишниот извештај за работата на Одделението за инспекциски надзор
- Шестмесечени извештаи за работата на Инспекциската служба за 2026 година; Рок: Јули, 2026година , декември 2026

-редовно ќе ги ажурира податоците за активни и лиценцирани превозници на патен сообраќај во општина Свети Николе и ќе ги објавува на веб страната на општината.

**4Соработка на Инспекција за патен сообраќај:**

Инспекторот во рамките на своите овластувања и надлежности утврдени со Закон, континуирано ќе соработува со полицијата, со сите одделенија и другите сектори во општина Свети Николе, со инспекции од другите општини, со министерствата, органите на државно и локално ниво, граѓански организации, со превозниците на јавниот превоз на локално ниво и пред се со граѓаните на општина Свети Николе.

**5. Нормативна дејност:**

Инспекторот за патен сообраќај ќе дава придонес и по потреба ќе учествува во активности за измена и дополнување на постојаната законска регулатива во соработка со надлежните институции, сé со цел поквалитетно и поефикасно спроведување на законските и подзаконските акти во интерес на подобрување на превозот на патници во

**6. Средства потребни за извршување на инспекциските контроли:**

Инспекцијата за патен сообраќај ќе го реализира овој План на територијата на Општина Свети Николе со еден инспектор за патен сообраќај.

За спроведување на овој План потребни се и материјално- технички средства и други услови и тоа:

- **Возило-** потребно е набавка на едно возило за вршење на инспекциски надзори и други теренски активности посебно за потребите на инспекторите во руралните средини во општина Свети Николе и одалечените локации во градот.

## 7. Образложение:

Инспекцијата за патен сообраќај има голема улога во подобрувањето на условите на живеење на сите граѓани на општината од конкретната област. Со овој план за работа на инспекцијата за патен сообраќај на општина Свети Николе за 2026 година се предвидуваат сите активности и мерки кои ќе се превземаат во периодот јануари – декември 2026 година согласно сите законски и подзаконски акти, а со основна цел подобрување на квалитетот на услугите кон граѓаните во овој сегмент преку вршење на редовни контроли на целата територија на општината опфатена со ГУП.

**Табела 1. Преглед на вкупен број на очекувани неправилности и инспекциски надзори според видот во 2026 година, по регион и општина за инспекција за патен сообраќај**

| | | Вид на надзорот | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **Ред.бр.** | **Регион/ Општина** | **Редовен надзор** | **Вонреде н надзор** | **Контроле н надзор** | **Вкупно надзори** | **Вкупно неправилност и** |
| **1.** | Општина Свети Николе | 5 | 6 | 4 | 15 | 4 |

**ТЕЖИНА НА ШТЕТНИ ПОСЛЕДИЦИ**

**МАТРИЦА НА СТЕПЕНИ НА РИЗИЦИ 3Х3**



Проценката на ризици во инспекцијата за патен сообраќај предвидува ниско-средни до високи штетни последици со ниска до средна зачестеност за повторување, односно умерен до значителен висок ризик при контролата на авто такси превозот каде што досегашната пракса покажала одреден ризик при надзорите со повторувањето на неправилностите кај одредени исти субјекти на надзор.

## Буџет и финансирање

Финансиски средства за спроведување на надлежностите на одделението за инспекциски надзор за 2026 година, заедно со предвидените средства за:

- едукативни обуки на инспекторите и кандидати за инспектори, семинари, конференции и регионални и национални средби,
- средствата за набавка на автомобил (нов или половен) неопходен заради вршење на инспекциски надзори во руралните средини.
- и други потреби кои сед поврзани со областа на патниот превоз

Сите овие ставки се финансиски средства потребни за одделението, а предвидени од *буџетот на општина Свети Николе.*

## Меѓународна соработка

**Одделението за инспекциски надзор при општина Свети Николе** во наредната 2026 година ќе се обиде да се вклучи во меѓународни проекти со кои би се зајакнале капацитетите на вработените во одделението, за да може соодветно да одговори на модерните предизвици.

## Други активности на инспекциската служба :

Како други активности на одделението за инспекциски надзор за 2026 година освен активности со вршење на инспекциски надзори, од страна на инспекторите во општsина Свети Николе и со меѓуопштинска соработка, во 2026 година, ќе продолжиме за следење на квалитетот на воздухот и нивото на загадување, со постапки на Б дозволи, водење на регистар за лиценцирани превозници,учество во заеднички акции со полициска станица Свети Николе и други непредвидени со овој план активности,кои ќе се покажат како приоритетни или потребни за реализација на својата рабгота или дадени по налог од работодавачот или преземени дополнителни непланирани со овој план активности, предизивикани од вонредни настани, а се неопходни за преземање акција по потреба.

**СОДРЖИНА**

Резиме ..........................................................................................................................
Анализа на ризици.........................................................................................................
Организација и раководење .........................................................................................
Систематизирани работни места..................................................................................
Табеларен приказ на број на вработени инспектори....................................................
План за нови вработувања/пензионирања...................................................................
Инспекциски надзор по Области: ..................................................................................
- КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА: .....................................................................................
- ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА...................................................................................
- ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА.....................................................................
- ИНСПЕКЦИЈА ЗА ПАТЕН СООБРАЌАЈ: ......................................................................
- БУЏЕТ И ФИНАНСИРАЊЕ ...........................................................................................
- МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА И ДРУГИ АКТИВНОСТИ НА ОДДЕЛЕНИЕТО ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР...............................................................................................

Градоначалник

на Општина Свети Николе

______________________

Дејан Владев